**20262123350**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА ИНВЕСТИЦИИ**

Се прогласува Законот за дополнување на Законот за финансиска поддршка на инвестиции,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 3 септември 2026 година.

Бр. 08-5500/1
3 септември 2026 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Сиљановска-Давкова,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА ИНВЕСТИЦИИ

Член 1

Во Законот за финансиска поддршка на инвестиции („Службен весник на Република Македонија“ број 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 98/19, 124/19, 178/21, 154/25, 247/25 и 111/26), во членот 39 во ставот (2) по зборовите: „најдоцна до 31 јули“ се додаваат зборовите: „ ,како и до 18 септември“.

Член 2

Во членот 40-а став (8) по зборовите: „најдоцна до 31 јули“ се додават зборовите: „ ,како и до 18 септември“.

Член 3

Во членот 43 став (1) по зборовите: „најдоцна до 31 август“ се додаваат со зборовите: „ ,како и до 23 октомври“.

Член 4

Во членот 43-а по зборовите: „до 31 јули“ се додаваат зборовите: „ ,како и до 18 септември“, а по зборовите: „најдоцна до 31 август“ се додаваат зборовите: „ ,како и до 23 октомври“ .

Член 5

Одредбите од членот 1 од овој закон со кои се дополнува членот 39 став (2) ќе се применуваат за договорите за доделување финансиска поддршка по поднесени барања за доделување финансиска поддршка на инвестиции до 15 јуни 2026 година.

Член 6

Одредбите од членот 2 од овој закон со кои се дополнува членот 40-а став (8) ќе се применуваат за Анексите на договорите за доделување финансиска поддршка по поднесени барања за измена на договорите за доделување финансиска поддршка на инвестициите до 31 мај 2026 година.

Член 7

Одредбите од членот 3 од овој закон со кои се дополнува членот 43 став (1), ќе се применуваат за деловните субјекти кои поднеле барање за доделување финансиска поддршка на инвестиции до 15 јуни 2026 година или барање на измена на договор за доделување финансиска поддршка до 31 мај 2026 година и склучиле договор за доделување финансиска поддршка или Анекс на договор за доделување финансиска поддршка до 18 септември 2026 година.

Член 8

Одредбите од членот 4 од овој закон со кои се дополнува членот 43-а, ќе се применуваат за деловните субјекти кои поднеле барање за доделување финансиска поддршка на инвестиции до 15 јуни 2026 година или барање на измена на договор за доделување финансиска поддршка до 31 мај 2026 година и склучиле договор за доделување финансиска поддршка или Анекс на договор за доделување фианансиска поддршка до 18 септември 2026 година.

Член 9

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.